26. IV. 1989
4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 14 април 1989
Скопје
Број 15 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 2.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**185.**

Врз основа на член 56, алинеја 8 од Деловникот на Претседателството на СРМ, а во согласност со член 59 од Законот за работните односи, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 12 април 1989 година донесе

### ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОВЕТНИК ПО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

1. М-р Виктор Габер се разрешува од должноста советник по општествено-политички систем и меѓународни односи на Претседателството на СРМ, поради назначување на нова должност.

2. Работниот однос на м-р Виктор Габер во Службата на Претседателството на СРМ му мирува за наредните четири години сметано од 17 април 1989 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 17 април 1989 година.

4. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-411
13 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

---

**186.**

Врз основа на член 72 од Деловникот за работа на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 12 април 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛИКУВАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

1. Се разрешува од член на Комисијата за одликувања на Претседателството на СРМ м-р Вангел Арнаутов.

2. За член на Комисијата за одликувања на Претседателството на СРМ се именува д-р Саво Климовски, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и претседател на Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура.

3. Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-412
13 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**187.**

Врз основа на член 12 и 26 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“, број 50/88), а во врска со точка 2.1.5 (3) под II Трет дел од Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ“, број 43/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ШТО СЕ ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средствата за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката во 1989 година, по одделни корисници и намени, во вкупен износ од 2.206.000.000 динари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распоредуваат на:

| | |
|---|---|
| 1. Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита: | |
| — за доврштување на I фаза на павилјонот во состав на Специјалниот завод во Демир Капија | 500.000.000 |
| 2. Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура: | |
| — за санација на домот на поезијата во Струга | 200.000.000 |
| — на Музејот на Македонија — Скопје, за обнова на поставката на меморијалниот музеј на I Заседание на АСНОМ во манастирот Прохор Пчински | 200.000.000 |
| — за доизградба на Архивот на Прилеп, Крушево и Македонски Брод | 182.000.000 |
| — за системи за заштита — аларнми уреди, доврштување на работите со аларнми уреди во Архивот на Македонија, галеријата на икони во Охрид, аларнми уреди на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски“ — Скопје, Музејот на современата уметност во Скопје, во манастирот Св. Јован Бигорски и Природно-научниот музеј на Македонија | 420.000.000 |
| — за изградба на студентски дом за научно-истражувачки подмладок | 618.000.000 |
| — за воведување на парно греење во просториите на редакцијата „Културен живот“ | 86.000.000 |

Член 3

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе се користат како учество на Републиката во финансирањето на инвестиционите програми.

Член 4

Оваа одлука ќе ја извршува Републичкиот секретаријат за финансии, а според динамиката на приливот на средствата на Републичкиот буџет, односно во сообразност со обезбеденото учество од останатите учесници во финансирањето на програмите.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Републлика Македонија".

Бр. 23-764/1
6 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

## 188.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", бр. 50/88), а во врска со член 53 став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ", бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на Социјалистичка Република Македонија се дава позајмица во износ од 772.500.000 динари, на собранијата на општините:

— Прилеп 400.000.000 динари
— Ресен 372.500.000 динари

2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука општините ќе ја вратат најдоцна до 30 јуни 1989 година.

3. За користењето и враќањето на средствата ќе се склучи договор помеѓу извршните совети на собранијата на општините на кои им е дадена позајмицата и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-829/1
6 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

## 189.

Врз основа на член 83 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", број 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1989 година во Раздел 65, позиција 588 — Учество во реконструкција на Аеродромот „Охрид" — Охрид, во износ од 3.000.000.000 динари, ќе се користат за реконструкција на полетно-слетната патека и маневарските површини на Аеродромот „Охрид".

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се стават на располагање на инвеститорот во рок од 10 дена од денот на пријавувањето на инвестицијата.

3. Во финансирањето на намената од точка 1 на оваа одлука соодветно учествуваат и општините Охрид, Ресен и Битола.

4. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Републичкиот секретаријат за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-782/1
6 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

## 190.

Врз основа на член 6, став 1 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 50/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ПРОГРАМА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА, ДОГРАДБА, АДАПТАЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ ЗГРАДИ И КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 1989 ГОДИНА

I

Средствата утврдени во Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 50/88), во износ од 1.800.000.000 динари, ќе се користат како учество на Републиката за следните намени:

а) За нестопански и непроизводствени инвестиции

| | |
|---|---|
| 1. Довршување на градежните работи на објектот на Општинскиот затвор во Прилеп | 300.000.000 д. |
| 2. Изградба на објект за работа на правосудните органи во Неготино | 250.000.000 д. |
| 3. Опремување на работни простории на Општинскиот суд за прекршоци Гостивар | 10.000.000 д. |
| 4. Опремување на работни простории на Општинскиот суд за прекршоци — Тетово | 10.000.000 д. |
| 5. Опремување на работна просторија на Републичкиот суд за прекршоци | 13.000.000 д. |
| 6. Опремување на работна просторија на Окружниот суд — Штип | 13.000.000 д. |
| 7. Опремување на работна просторија на Окружниот стопански суд — Штип | 13.000.000 д. |
| 8. Опремување со технички средства на КПД Идризово | 100.000.000 д. |
| 9. Опремување со машини за пишување, фотокопирни апарати и возила на правосудните органи и казнено-поправните установи | 344.500.000 д. |

б) За вложување за порано започнатата набавка на градежен објект односно опрема

| | |
|---|---|
| 10. Продолжување на порано започнатите работи за дел од градежниот објект на правосудната зграда во Кавадарци и нејзино приспособување за работа | 250.000.000 д. |

в) За вложување во опрема за вршење на стопанска дејност

| | |
|---|---|
| 11. Опремување со машина за работа на осудените лица во Општинскиот затвор — Битола | 30.000.000 д. |
| 12. Опремување со потребниот алат и машини за остручување и работа на малолетниците во Воспитно-поправниот дом — Тетово | 30.000.000 д. |

г) За тековно одржување на објектите на правосудните органи и казнено-поправните установи

| | |
|---|---|
| 13. Реконструкција на дел од објектот на правосудната зграда во Титов Велес | 15.000.000 д. |
| 14. Реконструкција на инсталацијата за централно греење и реконструкција на телефонската централа на правосудните згради во Тетово | 50.000.000 д. |
| 15. Приспособување и опремување просторија за судење во Демир Хисар | 10.000.000 д. |
| 16. Реконструкција на покривот на правосудната зграда во Кичево | 30.000.000 д. |
| 17. Реконструкција на покривот на правосудната зграда во Дебар | 20.000.000 д. |
| 18. Реконструкција на инсталацијата за централно греење на објектот на Општинскиот суд Скопје I — Скопје | 70.000.000 д. |
| 19. Реконструкција на покривот на управната зграда на Меѓуопштинскиот затвор — Скопје | 25.000.000 д. |
| 20. Поправка на работните простории на Општинскиот суд — Гевгелија | 1.500.000 д |
| 21. Завршување на работите на реконструкција на покривот на објектот на Општинскиот суд Делчево | 30.000.000 д. |
| 22. Реконструкција на инсталацијата за централно греење на правосудната зграда во Охрид | 70.000.000 д. |
| 23. Одржување на опремата на Општинското јавно обвинителство — Скопје | 10.000.000 д. |
| 24. Поправки на работните простории на Општинскиот суд — Штип | 3.000.000 д. |
| 25. Одржување на опремата на Општинскиот суд за прекршоци — Кратово | 2.000.000 |
| 26. Приспособување на простории за работа во Судското одделение во Виница | 50.000.000 д |
| 27. Одржување на објектот и поправка на инсталацијата за отоплување на објектот на окружните правосудни органи во Битола | 30.000.000 д. |
| 28. Поправки на работните простории на Окружниот стопански суд — Скопје | 15.000.000 д |
| 29. Одржување на работните простории и опрема на Окружниот стопански суд — Битола | 5.000.000 д. |

II

Средствата определени со дел I ќе се користат според однапред подготвената документација.

III

Средствата за финансирање на изградбата односно тековното одржување на објектите и опремата во делот I под а) од точка 1—4; под б) точка 10; под в) точка 11; под г) од точка 13—26, ќе се даваат во вид на учество, доколку општината на чие подрачје се наоѓа објектот обезбеди средства во висина на средствата потребни за завршување на инвестицијата.

IV

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-771/1
6 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**191.**

Врз основа на член 280 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, НЕГОВ ЗАМЕНИК И ЧЛЕН НА ВТОРОСТЕПЕНАТА ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА ПРИ ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

1. Од функцијата претседател, заменик на претседателот и член на Второстепената дисциплинска комисија при Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, се разрешуваат:

а) претседателот — Јорго Хаџи Стерјо, поради заминување на друга должност;

б) заменик на претседателот — Живко Серафимовски, поради заминување во пензија и

в) членот — Трајче Нацевски, поради заминување на друга должност.

2. За претседател, заменик на претседателот и член на Второстепената дисциплинска комисија при Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именуваат:

а) за претседател:

— Добросав Кучера, главен републички инспектор за труд;

б) за заменик на претседателот:

— Евица Димоска, помошник на секретарот на Секретаријатот за законодавство;

в) за член:

— Бранко Наумовски, помошник на републичкиот секретар за правосудство и управа.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 17-475/1
17 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**192.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

1. За помошник на секретарот на Секретаријатот за законодавство се назначува Лилјана Митевска, досегашен советник на секретарот на Секретаријатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-494/2
16 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**193.**

Врз основа на член 37 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИМАЊЕ НА РАБОТА НА НОВИ РАБОТНИЦИ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА, РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ

1. Од функцијата член на Комисијата за давање согласност за примање на работа нови работници во републичките органи на управата, републичките организации и правосудните органи се разрешува Вера Терзиева — Тројачанец, поради заминување на друга должност.

2. За член на Комисијата за давање согласност за примање на работа нови работници во републичките органи на управата, републичките организации и правосудните органи се именува Елена Поповска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-717
16 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**194.**

Врз основа на член 5 од Одлуката за начинот на примената на одредбите за дисциплинската одговорност определена со Закон за раководните работници во републичките органи на управата и републичките организации што ги назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 6/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ГИ НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за дисциплинска одговорност на раководните работници во републичките органи на управата и републичките организации што ги назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именуваат:

а) за претседател:

— д-р Тито Беличанец, член на ИС и претседател на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика;

б) за негов заменик:

— д-р Саво Климовски, член на ИС и претседател на Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура;

в) за членови:

— м-р Киро Адамчевски, заменик на републичкиот секретар за правосудство и управа,

— Елена Поповска, секретар на Секретаријатот за законодавство;

г) за нивни заменици:

— Бонка Демирова, републички советник во Извршниот совет на СРМ,

— Стојан Трајанов, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-719/1
16 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**195.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ИНДУСТРИЈА И ЕНЕРГЕТИКА

1. За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика се назначува Никола Черепналковски, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-720/1
16 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**196.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

1. За советник на претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници се назначува Раденко Божиновски, досегашен самостоен советник во Комисијата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-721/1
16 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**197.**

Врз основа на член 172 став 5 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЗАМЕНА НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Илија Цветковски, потсекретар во Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, се определува да го заменува секретарот на Секретаријатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-722/1
16 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**198.**

Врз основа на член 84 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИСЕЛЕНИЧКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Комисијата за иселенички прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именува Иван Митровски, член на Извршниот совет и републички секретар за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-778/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**199.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА РЕПУБЛИЧКИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

1. Се разрешува од должноста советник на директорот на Дирекцијата за републички стоковни резерви Крсте Дуковски, поради исполнување услови за пензија, заклучно со 28 февруари 1989 година, кога и му престанува работниот однос.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-779/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**200.**

Врз основа на точка 4 од Одлуката за образување Стручен совет за економски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 44/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

1. Се разрешуваат сегашните членови на Стручниот совет за економски прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ, поради истек на времето за кое се именувани:

— Стојан Андов,
— Минчо Дамјановски,
— Мијалчо Наков,
— Душан Поповски,
— д-р Никола Кљусев,
— д-р Тодор Рушков.

2. За претседател на Стручниот совет за економски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија повторно се именува д-р Никола Узунов, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

3. За членови на Стручниот совет за економски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се именуваат:

— м-р Петар Гошев, член на Претседателството на ЦК на СКМ;

— Минчо Дамјановски, помошник на генералниот директор на Рудници и железарница „Скопје" — Скопје;

— д-р Никола Кљусев, професор на Економскиот факултет во Скопје во пензија;

— Љубомир Поповски, претседател на Работоводниот одбор на Стопанската банка — Здружена банка — Скопје;

— д-р Тодор Рушков, редовен професор на Правниот факултет во Скопје;

— Милан Хроват, член на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-780/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

---

**201.**

Врз основа на член 40 став 2 и 4 од Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ" бр. 41/85 и 45/86), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## НАРЕДБА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОНЕЧНИОТ ИЗНОС НА ОСНОВИЦИТЕ ОД КОИ СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ МЕСЕЧНИТЕ ПАРИЧНИ ИЗНОСИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ЗАШТИТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО 1988 ГОДИНА

1. Основиците од кои се определува инвалидскиот додаток, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација во износ од 46.858 динари и 39.458 динари, утврдени во Наредбата за утврдување на конечниот износ на основиците од кои се определуваат месечните парични примања на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди во 1987 година („Службен весник на СРМ" бр. 16/88) од јануари 1988 година се зголемуваат за 169,1% и изнесуваат:

— основицата од која се определува инвалидскиот додаток за корисниците кои немаат приходи, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација 126.100 динари

— основицата од која се определува инвалидскиот додаток за корисниците кои имаат приходи 106.180 динари

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1988 година.

Бр. 13-1515
28 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд,
здравство и социјална политика,
проф. д-р **Тито Беличанец,** с. р.

---

**202.**

Врз основа на член 7 од Законот за заштита од пожари („Службен весник на СРМ" бр. 43/86, 37/87 и 51/88), републичкиот секретар за внатрешни работи донесе

## УПАТСТВО

### ЗА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНОВИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

1. Со ова упатство поблиску се определува содржината на општинскиот план и плановите за заштита од пожари на организациите на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници за кои во општинскиот план за заштита од пожари е определено да се донесат.

2. Општинскиот план за заштита од пожари содржи:

а) Назив, вид и степен на тајност и изготвувач;

б) Проценка на загрозеноста од пожари.

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— карактеристики на подрачјето на општината (конфигурација на теренот, степен на урбанизираност, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите, климатско-хидролошки услови и слично) кои имаат влијание врз загрозеноста и заштитата од пожари;

— состојбата на подрачјето на општината во областа на заштитата од пожари во време на изготвувањето на планот и

— проценка на застапеноста на мерките за заштита од пожари во просторните и урбанистичките планови на општината односно населените места.

в) Организација на заштитата од пожари:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— организирање на самозаштитата од пожари на подрачјето на општината (населени места, месни заедници, организации на здружен труд и други субјекти) преку законските и други форми;

— воспитно-пропагандна активност и учество на телевизијата, радиото, печатот и другите средства за јавно информирање;

— форми и начини на оспособување на работниците во службите за обезбедување на ОЗТ и другите субјекти за ракување со уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожари;

— видови на противпожарните единици на подрачјето на општината, нивната бројност и опременост во време на изготвување на планот и перспективно;

— услови за сместување на противпожарните единици и

— систем на врски за меѓусебно комуницирање на учесниците во гаснењето на пожари (радиоврска, телефонска, мегафони и сл.).

г) Начин на известување за настанати пожари:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— места кои се обезбедени со постојани односно периодични телефонски врски со карактеристичен телефонски број;

— места во кои е обезбедена радио-врска и

— начин на известување за настанат пожар од места каде не постои телефонска односно радиоврска.

д) Начин на снабдување со вода:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— начин на постојано снабдување со вода за гаснење на пожари (природни и вештачки извори за снабдување со вода);

— капацитет и услови за користење на изворите за снабдување со вода во секое време и

— потреби и можности за уредување на изворите за снабдување со вода.

ѓ) Пристапност до индустриски комплекси, станбени комплекси, високи и јавни објекти и слична групација на објекти и локалитети, шумски и земјоделски комплекси и пристапност до објектите и изворите за снабдување со вода:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— текстуален преглед на патната мрежа погодна за непречена интервенција на противпожарните возила во секое време и до секое место кое треба да се заштити од пожар и

— текстуален преглед на патни правци кои не се погодни за користење, а треба да се оспособат.

е) Начин на употреба и содејство на противпожарните единици на подрачјето на општината:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— начин на содејство на територијалните противпожарни единици со останатите противпожарни единици на подрачјето на општината;

— можно време за пристигнување до најнепогодното место за интервенција и

— можности за замена на противпожарните единици при поголеми и подолготрајни интервенции на гаснење на пожари.

ж) Начин на мобилизација на граѓаните во случаи на пожари од поголеми размери и нивно вклучување во акцијата за гаснење на пожари:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— постапка за повикување на граѓаните по месни заедници, организации на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници и државни органи и доброволни противпожарни друштва;

— начин на алармирање и повикување на граѓаните преку локалните средства за информирање (телефонска или радиоврска, разгласни уреди, светлосни и звучни сигнали) и

— начин на организирање на превоз на граѓани, техничка опрема и средства за гаснење на пожари со вклучување на превозни средства од граѓаните, организациите на здружен труд и другите субјекти на подрачјето на општината.

з) Начин на оспособување на работните луѓе и граѓаните за нивно учество во гаснење на пожари, спасување на имотот загрозен од пожари и развивање на безбедносната култура:

Овој дел на планот ги содржи формите на запознавање и развивање на безбедносната култура на работните луѓе и граѓаните во областа на заштитата од пожари (организирање на предавања, филмови, часописи, емисии преку радио, телевизија, вежби и слично).

ѕ) Мерки за заштита од пожари за успешно функционирање и унапредување на заштитата од пожари согласно со месните прилики и потреби и спроведување на надзорот над извршувањето на мерките за заштита од пожари:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— мерки за отстранување и намалување на можните причини за појава на пожари;

— мерки за отстранување и намалување на опасностите од ширење на пожари и намалување на последиците и

— организирање на спроведување на мерките за заштита од пожари и надзор над нивното извршување.

и) Прилози (графички и табеларни):

Овој дел од планот содржи:

— ситуациона карта во прегледен размер на која заеднички се прикажани локацијата на противпожарните единици, патната мрежа, изворите за снабдување со вода и пристапите до нив, карактеристичните објекти, местата и реоните од посебно противпожарно значење и

— важни телефони и други средства на врски, нивна локација и време во кое може да се користат.

ј) Преглед на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници кои се задолжени да донесат план за заштита од пожари:

Во овој дел од планот се наведуваат називите на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници кои, во зависност од природата и обемот на дејноста, загрозеноста на технолошкиот процес од пожари и експлозии, големината и положбата на локалитетот и слично, се должни да донесат план за заштита од пожари.

3. Плановите за заштита од пожари на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници (во натамошниот текст: организации и заедници), содржат:

а) Проценка на загрозеноста од пожари:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— општи карактеристики на просторот и локацијата кои имаат влијание врз загрозеноста и заштитата од пожари;

— состојба во областа на заштитата од пожари во времето на изготвување на планот и

— категоризирање на објектите според: загрозеноста на технолошкиот процес од пожари и експлозии; степенот на отпорност на конструкцијата на објектите од пожари и експлозии и специфичното пожарно оптоварување.

б) Организација на заштитата од пожари:

Во овој дел од планот соодветно се внесуваат содржините предвидени во точка 2 в) на ова упатство;

в) Начин на снабдување со вода:

Овој дел од планот содржи:

— преглед на постојната обезбеденост на објектите со надворешна и внатрешна хидрантска мрежа;

— начин на обезбедување со вода и

— соодветни решенија за комплетирање на инсталацијата за обезбедување со вода доколку истата не е комплетна.

г) Пристапност до објектите во комплексот:

Во овој дел од планот се наведуваат сите пристапни патишта до одредени објекти со нивни карактеристики како и соодветни решенија за обезбедување со пристапни патишта доколку истите не се обезбедени.

д) Начин на организираност, опременост и активирање на противпожарните единици:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— вид, бројност и поставеност на противпожарната единица;

— услови за сместување, распоред по смени и форми на стручна и физичка оспособеност на противпожарната единица и

— опременост со техничка опрема и средства за гаснење на пожари (вид и број).

ѓ) Начин на запознавање и оспособување на вработените во организациите и заедниците за нивно учество во гаснењето на пожари, спасување на имотот загрозен од пожари и развивање на безбедносната култура:

Овој дел од планот ги содржи формите на запознавање на вработените со опасностите од пожар што произлегуваат од технологијата на работата, превентивните мерки за елиминирање на опасностите, формите на оспособување на вработените за употреба на техничката опрема и средствата за гаснење на пожар, како и формите на проверка на знаењето.

е) Мерки за заштита од пожари за успешно функционирање и унапредување на заштитата од пожари согласно со условите и потребите на организацијата односно заедницата:

Во овој дел од планот соодветно се внесуваат содржините предвидени во точка 2 ѕ) на ова упатство.

ж) Начин на активирање на вработените и нивно вклучување во акцијата за гаснење на пожари и тактично-оперативни постапки во текот на гаснењето:

Во овој дел од планот се внесуваат следните содржини:

— начин на повикување, опремување и упатување на вработените на местото на пожарот;

— разработка на можни варијанти за појава на пожари по одделни објекти и постапки за нивно гаснење;

— разработување на можностите за ширење на настанат пожар и негово разорно дејство со сите можни последици;

— постапка за обезбедување на радиоактивни извори во случај на нивно оштетување (радиоактивен громобран или друг извор на радиоактивно зрачење) и

— предвидување на конкретни мерки и постапки за спасување на загрозени лица и имот;

з) Прилози (графички и табеларни):

Овој дел од планот содржи:

— ситуационен план во прегледен размер со прикажани објекти, патишта во објектот, катност на објектите;

— распоред на надворешни и внатрешни хидранти, техничка опрема и средства за гаснење на пожари во организацијата односно заедницата;

— преглед на изворите за снабдување со вода погодни за противпожарна намена;

— ситуационен план на развод на запаливи течности и гасови, зони на опасност и надворешен и внатрешен електроразвод и

— основи и пресеци на поодделни објекти со обележани места посебно загрозени од пожари, експлозии и хаварии; противпожарни столбишта; патишта за евакуација; место за прекин на довод на електрична енергија; локации на радиоактивни извори и зони на нивно дејствување опасно по здравје; запаливи течности и гасови; вентилација; отчадување и слично.

4. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 262-4164/1
28 март 1989 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Александар Андоновски,** с. р.

## 203.

Врз основа на член 163 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ", бр. 45/80, 28/81, 28/88), а во врска со член 64, став 4 од Законот за водите („Службен весник на СРМ", бр. 6/81, 37/87, 51/88), Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ ЗОНИ ОКОЛУ ИЗВОРИТЕ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитните зони околу изворите на водата за пиење („Службен весник на СРМ", бр. 17/83) во член 4, став 1 по зборот „изнесува" се додава зборот „најмалку".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 10-1926
3 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд,
здравство и социјална политика,
проф. д-р **Тито Беличанец,** с. р.

## 204.

Врз основа на дел VII точка 3 од Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/89), претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со Републичкиот секретар за финансии, донесува

### УПАТСТВО
### ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НАМЕНЕТИ ЗА ПРЕМИЈА ЗА МЛЕКО И ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СТОЧАРСТВОТО, РИБАРСТВОТО И ПЧЕЛАРСТВОТО ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на остварување на правото на користење на средствата од Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 1989 година (во натамошен текст: Програма), кои се наменети за премија за млеко и за поттикнување на развојот на сточарството, рибарството и пчеларството (дел I точка 2 и 3).

Член 2

За остварување правото за користење на средствата за премија на млеко од дел III од Програмата, корисниците на средствата до Службата за општествено книговодство ја поднесуваат следната документација;

— извод од книговодствената евиденција за количествата произведено млеко од сопствено производство во која е назначен процентот на млечната маст;

— извод од книговодствената евиденција за откупеното свежо кравјо или овчо млеко произведено во кооперација во која треба да бидат назначени количествата на млекото и процентот на млечната маст, изготвен врз основа на приемницата за откуп на млекото и на списокот на исплатената премија, потпишан од индивидуалните производители од кои се откупува млекото;

— препис од потврдата издадена од ООЗТ Институт за сточарство при РО Земјоделски факултет — Скопје, за уредно вршење на контролата на производствените својства и за водење на матично книговодство и вршење селекција кај кравите и овците;

— доказ од корисниците на премијата дека е остварена премија од најмалку 40 динари по 1 литар млеко од средствата со кои учествува општината.

Индивидуалните производители ја остваруваат премијата на млекото произведено во кооперација преку организацијата на здружениот труд, односно земјоделската задруга со која склучила договор за производство на млеко во кооперација. Организациите на здружениот труд, односно земјоделските задруги им ја исплатуваат премијата на индивидуалните производители при исплата на цената на откупеното млеко.

Член 3

За остварување на правото на користење на средствата од дел IV точка 2 под редните броеви 1, 2, 4, 7, 8, 10, 11, 12, 15, 16, 17, 18, 19, 21, 23 и 25 од Програмата, корисниците на средствата до Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство ја поднесуваат следната документација:

**Говедарство**

1. За зголемување на бројот на крави и стелни јуници од благородни раси и нивни крстоски, набавени за проширена репродукција на основното стадо:

а) набавени (за проширена репродукција)

— договор со организација на здружен труд од која се набавуваат крави и стелни јуници;

— фактура за набавените грла;

— лекарско уверение за здравствената состојба

б) од сопствено стадо (за проширена репродукција)

— список на крави и стелни јуници кои претставуваат проширена репродукција на основното стадо, со податоци од матичната евиденција;

— книговодствен доказ за бројната состојба на целото стадо крави за претходната година, по категории;

— доказ од книговодствената евиденција дека подносителот на барањето го зголемува бројот на основното стадо (општествен сектор) или потврда од регионалната служба за селекција и матично книговодство дека индивидуалниот земјоделец, до денот на поднесувањето на барањето имал најмалку 2 крави од благородна раса;

— договор склучен меѓу непосредниот давател на средствата и корисникот, со кој се утврдува начинот на користењето на соодветниот (вкупниот) број на крави;

— список за исплатени средства на индивидуалните земјоделци — кооперанти.

2. За учество во набавката и одгледување на бикови од благородни раси (монтафонска и оберинталска) за индивидуален сектор во ридско-планинските подрачја;

— потврда за извршено лиценцирање и кастрирање на бикови;

— уверение за приплодната способност на соодветното грло;

— договор за одгледување на бикот за приплод склучен меѓу општинската стручна служба — центар за унапредување на индивидуалното земјоделство и одгледувачот на бикот.

4. За учество во набавката на електрични апарати за молзење крави во индивидуалниот сектор.

— фактура за извршената набавка на апарати за молзење на крави;

— доказ (испратница или приемница) дека апаратот е предаден на крајниот корисник.

**Овчарство**

7. За учество во набавката на овни оригинални грла од расата Виртемберг за вештачко осеменување на овци во општествениот и индивидуалниот сектор и за набавка на овни репродуктори за индивидуалниот сектор (точка 8):

— уверение за приплодната способност на соодветното грло;

— договор склучен меѓу непосредниот давател на средствата и корисникот, со кој корисникот се обврзува дека соодветното приплодно грло рационално ќе го користи;

— доказ за извршената продажба на овните.

10. За зголемување на бројот на женски грла — ѕвиски во матичното стадо во општествен сектор, добиени со вкрстување на домашната популација овци со Виртемберг овни:

— книговодствен доказ за бројното зголемување на матичното стадо овци со употреба на овни од расата Виртемберг.

— книговодствен доказ за бројната состојба на целото стадо овци за претходната година, по категории.

11. За вештачко осеменување на овци (во сезона) во индивидуален сектор, општинската стручна служба за унапредување на индивидуалното земјоделство доставува:

— договор склучен со Ветеринарниот институт — Скопје

— список на крајните корисници на средствата, со податоци од матичната евиденција.

12. За учество во набавката на апарати за стрижење на овци, Републичкиот центар за унапредување на индивидуалното земјоделство доставува;

— фактура за набавен апарат и

— доказ (испратница или приемница) дека апаратот е предаден на крајниот корисник.

**Коњарство**

15. За лиценцирање и кастрирање на пастуви:

— записник за извршеното лиценцирање и кастрирање;

— фактура за извршената работа од ветеринарната станица;

— решение од комисијата.

16. За осигурување на машки приплодни грла;

— полиса или фактура за извршеното годишно осигурување.

**Рибарство**

17. За учество во изградбата и опремувањето на репроцентар за производство на подмладок од ладноводни видови риби:

— договор со соодветна организација.

18. За субвенционирање на производството и набавката на подмладок за порибување на кафези:

— фактура за набавениот подмладок.

**Пчеларство**

19. За субвенционирање на набавката на пчелни сандаци за индивидуален сектор во посебните ридско-планински подрачја, учество во трошоците за производство на жив пчелен материјал (нуклеуси и матици) во индивидуален сектор (точка 20) и за учество во дооформување на репроцентар за пчеларство (точка 21):

— договор со соодветна организација на здружен труд.

**Посебни намени**

22. Учество во финансирањето на трошоците за реализација на „Мокропроектот III“.

— договор склучен помеѓу Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство и ООЗТ Институт за сточарство.

23. Учество во набавката на калифорниски глисти за индивидуалниот сектор:

— фактура за извршена набавка, и

— доказ за прием на леглото.

Член 4

Средствата од дел IV точка 2 за намените под редните броеви 3, 5, 6 и 9, можат да се користат по претходно склучен договор помеѓу Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство и корисниците на средствата.

Член 5

Средствата од дел IV, точка 2 за намените под редните броеви од 1—12, 17 и 18 и од 23—25 од Програмата, по предлог на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство ги исплатува Републичкиот секретаријат за финансии.

Средствата од дел IV, точка 2 за намените под редните броеви од 13—16 и од 19—22 од Програмата, ги исплатува Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 6

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-575/1
10 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Богдан Тодоровски**, с. р.

**205.**

Врз основа на член 72 став 3 од Законот за ловот („Службен весник на СРМ“ бр. 43/88), Претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство пропишува

## УПАТСТВО
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ЛОВНИОТ ИНСПЕКТОР

1. Легитимацијата на ловниот инспектор се издава според образецот што е составен дел на ова упатство.

2. Со легитимацијата се докажува својството на ловниот инспектор

3. Големината на легитимацијата на ловниот инспектор има формат од 7 x 10 см и нејзините корици се тврди и обоени со зелена боја.

4. Легитимацијата на ловниот инспектор важи за две календарски години.

Продолжувањето на важноста на легитимацијата го врши старешината на органот на управата надлежен за ловот, што ја издал легитимацијата.

5. Ловниот инспектор на кого оваа функција му престанала, е должен најдоцна во рок од 3 дена да ја врати легитимацијата на старешината на органот на управата надлежен за ловот што ја издал легитимацијата.

6. Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за образецот на легитимацијата на ловниот инспектор („Службен весник на СРМ“ бр. 41/67).

7. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-952/1
март 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Богдан Тодоровски,** с. р.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ЛОВЕН ИНСПЕКТОР

(формат 7 x 10 см.)

ГРБ НА РЕПУБЛИКАТА

ЛЕГИТИМАЦИЈА
НА ЛОВЕН ИНСПЕКТОР

(втора страна на првата корица)
фотографија големина 6 x 4 см.

______________________
(своерачен потпис на ловниот инспектор)

Бр. на л. к. __________ издадена во __________
(прва внатрешна страна)

ГРБ НА РЕПУБЛИКАТА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

______________________
(назив на органот што ја издал легитимацијата)

ЛЕГИТИМАЦИЈА
НА ЛОВЕН ИНСПЕКТОР

Бр. __________

ден __________
(втора внатрешна страна — празна)
(трета внатрешна страна)

__________________ дипломиран шумарски инженер од шумарска насока е овластен да ги врши
(име и презиме)

работите на __________________ ловен инспектор, според Законот за ловот („Службен весник на СРМ“ бр. 43/88).

__________________ година
М. П.

______________________
Потпис на старешината на органот

(четврта внатрешна страна)
Легитимацијата важи:
од __________ до __________ 19____ година

М. П.

______________________
Потпис на старешината на органот

М. П.

______________________
Потпис на старешината на органот

М. П.

______________________
Потпис на старешината на органот

М. П.

______________________
Потпис на старешината на органот

М. П.

______________________
Потпис на старешината на органот

(петта, шеста, седма и осма внатрешна страна — извод од Законот за ловот, „Службен весник на СРМ“ бр. 43/88).

---

**206.**

Врз основа на член 69 став 3 од Законот за ловот („Службен весник на СРМ“ бр. 43/88), Претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство пропишува

## УПАТСТВО
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ЛОВОЧУВАРОТ

1. Легитимацијата на ловочуварот се издава според образецот што е составен дел на ова упатство.

2. Со легитимацијата се докажува својството на ловочуварот.

3. Легитимацијата на ловочуварот има формат од 7 x 10 см. и нејзините корици се тврди и обоени со зелена боја.

4. Легитимацијата на ловочуварот ја издава организацијата што го назначува.

5. Ловочуварот на кого му престанало својството на ловочувар е должен најдоцна во рок од 3 дена да ја врати легитимацијата на организацијата што му ја издала.

6. Со влегување во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за образец за легитимацијата на ловочувари („Службен весник на СРМ“ бр. 2/74).

7. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-952/2
март 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Богдан Тодоровски,** с. р.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЛОВОЧУВАР

(формат 7 x 10 см.)

(прва страна на корицата)

ЛЕГИТИМАЦИЈА
НА ЛОВОЧУВАР

(втора страна на корицата)
(фотографија големина 6 x 4 см.)

______________________________

(своерачен потпис на ловочуварот)

Бр. на л. к. ——————— издадена во ———————
(прва внатрешна страна)

ГРБ НА РЕПУБЛИКАТА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

______________________________

(назив на организацијата што ја издава легитимацијата)

ЛЕГИТИМАЦИЈА
НА ЛОВОЧУВАР

Бр. ———————

ден ——————— 19—— година
(втора внатрешна страна — празна)
(трета внатрешна страна)

——————————————— се овласту-
(име и презиме на ловочуварот)
ва да врши ловочуварска дејност според членовите 66, 67, 68 и 69 од Законот за ловот („Службен весник на СРМ“ бр. 43/88).

——————— 19—— година

М. П.

______________________________

(потпис на одговорното лице)

(петта, шеста, седма и осма внатрешна страна — извод од Законот за ловот, „Службен весник на СРМ“ бр. 43/88).

## ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**140.**

Врз основа на член 136 од Уставот на СРМ, член 586 од Законот за здружениот труд и член 6 од Самоуправната спогодба за обезбедување материјална основа за создавање услови за вработување на инвалидни лица во периодот од 1986 до 1990 година, Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, основните заедници на пензиското и инвалидското осигурување, Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита (во натамошниот текст: учесници во спогодбата), склучуваат

### САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНАТА ОСНОВА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА ВО ПЕРИОДОТ 1986—1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа спогодба учесниците во спогодбата се согласија да извршат зголемување на надоместокот за вработување по едно невработено лице за 1989 година, согласно член 6 од Самоуправната спогодба за обезбедување на материјалната основа за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот од 1986 до 1990 година.

Член 2

Согласно член 1 од оваа спогодба учесниците во спогодбата се согласија во 1989 година да учествуваат во обезбедувањето на надоместокот за вработување по едно невработено лице пријавено во СИЗ за вработување, и тоа:

1. Основните заедници на пензиското и инвалидското осигурување по еден вработен инвалид на трудот, односно дете — инвалид на осигуреник со 4.400.000 динари.

2. Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита по едно вработено лице со пречки во психичкиот и физичкиот развој корисник на социјална заштита или неосигурено лице по ниедна основа со 4.400.000 динари.

3. Општинските самоуправни интересни заедници за вработување за секое вработено лице од точка 1 и 2 од овој член кое пред вработувањето е пријавено како невработено во СИЗ за вработување, најмалку во висина од 1.000.000 динари.

Член 3

Оваа спогодба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-621/1
28 февруари 1989 година
Скопје

Учесници во спогодбата:

1. За Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
**Киро Зрмановски**, с. р.

2. За Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита,
**Аница Божиновска**, с. р.

3. За Републичката самоуправна интересна заедница за вработување,
**Николина Цветковска**, с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**141.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81) и член 47 точка 5 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 10/87), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 11 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ИЗНОСОТ НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА ВО 1989 ГОДИНА (ПРВО УСОГЛАСУВАЊЕ)

Член 1

Висината на додатокот на деца во 1989 година, утврдена со Одлука на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата бр. 11-1328/2 од 6. 12. 1988 год. („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88), се валоризира за 100% со важност од 1. 01. 1989 година и ќе изнесува:

(во динари)

| Возраст на детето според степен на школување | Цензусни групи | |
|---|---|---|
| | I група | II група |
| За дете од предучилишна возраст, и дете ученик во основното образование | 60.000 | 50.000 |
| За дете редовен ученик во средно насочено образование | 80.000 | 60.000 |
| За дете редовен студент во виша и високошколска организација | 120.000 | 100.000 |

Член 2

На корисниците кои се стекнале со право на додаток на деца од 1. 01. 1989 година, односно на сите корисници кои ќе го остварат правото пред влегување во сила на оваа одлука, ќе им се исплати разлика до висината на додатокот утврден во член 1 за секој месец за кој им е исплатен додатокот.

Во месеците кои следат, ќе им се исплатува додаток на деца во висината утврдена во член 1 од оваа одлука.

Член 3

Валоризираниот износ ќе се исплатува без донесување на нови решенија за корисниците кои го оствариле правото од 1. I. 1989 година и им се донесени решенија, а за корисниците за кои се уште не се донесени решенија ќе им се исплатува и ќе им се донесат решенија со новиот валоризиран износ утврден во член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 11-404/5
11 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

---

**142.**

Врз основа на член 3 став 2 од Самоуправната спогодба за изедначување на критериумите и висината на учеството во опремувањето на новородено дете и посебниот додаток во СРМ и член 47 од Статутот на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата од 11 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК (ПРВО УСОГЛАСУВАЊЕ)

Член 1

Висината на посебниот додаток, утврдена со Одлука на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, бр. 11-1328/4 од 6 декември 1988 година се валоризира за 100% со важност од 1. I. 1989 година и ќе изнесува 120.000 динари.

Член 2

На корисниците кои се стекнале со правото на посебниот додаток од 1 I. 1989 година, односно на сите корисници кои ќе го остварат правото пред влегувањето во сила на оваа одлука ќе им се исплати разлика до новоутврдениот најнизок месечен износ.

Член 3

Валоризираниот износ ќе се исплатува без донесување на нови решенија за корисниците кои веќе добиле решение за правото од 1. I. 1989 година, а за корисниците за кои сè уште не се донесени решенијата, истите ќе бидат донесени со новиот валориран износ утврден во член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 11-404/13
11 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**143.**

Врз основа на член 26 став 1 точка 17 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“ бр. 21/82) а во врска со член 151-е и 151-ж од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 11 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 1

Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците престанува со работа сметано од 1 јануари 1989 година.

Член 2

Средствата, правата и обврските на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците се пренесуваат во Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува сметано од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-1083/1
11 април 1989 година
Скопје

Претседател,
**Владо Бошковски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ДЕБАР

**144.**

Врз основа на член 162 точка 6 и член 259 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита Дебар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита Дебар, на седницата одржана на 31 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за 1989 година се определува во висина од 9% од личниот доход и другите примања во кои се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита од 5%;

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права на здравствената заштита од 4%.

Член 2

Тарифата на придонесот на здравствена заштита во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува во висина од 0,30%.

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став кај обврзникот кои формираат доход претставува остварен доход.

Основицата кај обврзникот кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и други примања.

Придонес за несреќа на работа и професионално заболување, по стапка од 0,30% пресметуваат и плаќаат обврзници кои не формираат доход за работување по договор за дело на бруто основица.

Член 3

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за деташирани работници се определува во висина од 25% од нето личниот доход односно основица определена со посебна Одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распределува по видови на правата сразмерно стапките, односно тарифата на придонесот според членот 1 на оваа одлука.

Член 4

Обврзникот за уплата на придонесот должен е при уплатата на придонесите на самиот налог уплатница, да даде спецификација за уплатените придонеси со ознака за основицата и периодот на кои се пресметува и уплатува придонесот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 март 1989 година.

Бр. 03-74/2
31 март 1989 година
Дебар

Претседател,
**Ристо Јовановски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

**145.**

Врз основа на член 100 и 106 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83 и 43/85), и член 162 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ“ бр. 8/85), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на земјоделците од подрачјето на општина — Тетово, за 1989 година.

Член 2

Работните луѓе што вршат земјоделска дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост, а кои се здравствено осигурени, во 1989 година ќе плаќаат придонес за здравствена заштита и тоа:

— по стапка од 10% од личниот доход од земјоделска дејност (катастарски доход), и

— паушален износ од 50.000 динари годишно за секој корисник (член на семејство).

Член 3

Со влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи одлуката број 0805-1152/11 од 24. XII. 1988 година („Службен весник на СРМ“ број 3/88).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0805-1123/7
27 декември 1988 година
Тетово

Претседател,
**Дивна Павлоска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — ТЕТОВО

**146.**

Врз основа на член 76 став 2, а во врска со член 75 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ“ бр. 32/87) и член 18 од Статутот на ОСИЗ за вработување — Тетово, Собранието на Заедницата за вработување на општината Тетово, на седницата одржана на 1 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонес за вработување во 1989 година се утврдува и тоа:

1. придонес за вработување ќе плаќаат работниците во организациите на здружен труд, работните

заедници и работниците вработени кај работодавците по стапка од 0,40% од личниот доход, во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личен доход;

2. придонес за вработување ќе плаќаат работодавците по стапка од 0,50% од основицата според која се плаќа данок од личен доход;

3. придонес за вработување ќе плаќаат работодавците кои данокот го плаќаат во паушален износ до процент од 15% од паушалниот износ на данокот;

4. придонес за вработување ќе плаќаат работниците на привремена работа во странство по стапка од 35% од основицата на личен доход определен за соодветна квалификација според одлуката на Републичката СИЗ за вработување на СРМ.

Член 2

Облогот и наплатата на придонесот за вработување за работодавците и работниците кај работодавците ќе го врши органот за приходи на Собранието на општината Тетово.

Член 3

Оваа одлука да се достави до: Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Тетово заради согласност; Секретаријатот за финансии, Секретаријатот за стопанство и СОК — Тетово, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-124/3
1 март 1989 година
Тетово

Претседател,
**Јованоски Никола,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО БИТОЛА

Пред Општинскиот суд во Битола се води постапка по предлог на предлагачката Илинка Ацевска од с. Драгош, за прогласување за умрен на противникот Блаже Рендевски, од с. Драгош.

Се повикува лицето Блаже Рендевски со последно живеалиште во с. Драгош — Битолско, кој наводно починал во 1970 година во Торонто — Канада, да се јави пред овој суд во рок од 3 месеци од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ".

Истовремено судот го повикува секој друг кој нешто знае за неговиот живот, да јави во овој суд.

По истекот на наведениот рок судот ќе донесе одлука за прогласување на смртта.

Од Општинскиот суд во Битола, ВПП бр. 57/89.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води вонпроцесна постапка по предлог на предлагачот Халими Хамди од Тетово, за докажување на смртта на лицето Илијази Јахја од Тетово.

Се повикува лицето Илијази Јахја од Тетово, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, или секој друг што знае за неговиот живот. Во спротивно, судот ќе ја утврди смртта.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 3/89. (57)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за одредување на издршка по тужбата на Саиде Сали од с. Нераште — Тетово, и други, против Нафи Шабан Сали од с. Нераште — Тетовско, сега со непозната адреса во Качаник.

Се повикува тужениот Нафи Сали да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, или во истиот рок, да одреди полномошник. Во спротивно од Центарот за социјални работи во Тетово, ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 232/89. (58)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Димовски Лазар од с. Рогачево, против тужениот Апостоловски Блажев Ангелко од с. Рогачево, а сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави точна адреса или, да одреди полномошник кој ќе го застапува во постапката по овој предмет.

По истекот на овој рок судот преку Центарот за социјални работи во Тетово, на тужениот ќе му постави привремен застапник, кој ќе го застапува тужениот до правосилното окончување на постапката по овој предмет.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 284/89.

---

Пред овој суд се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Љубица Никодиновска од Тетово, против тужените Решат Асани, Јелдас Асани и Фикрије Јакупи, сите од Тетово, а сега со непозната адреса во Турција.

Се повикуваат тужените да се јават во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во судот, да достават своја адреса или постават полномошник. Во спротивност, судот ќе им постави привремен застапник кој ќе ги штити нивните права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1880/88.

---

Пред овој суд се води спор за долг по тужбата на тужителот СИЗ за становање на општина Тетово, против тужениот Бујар Каба од Тетово, а сега со непозната адреса во Швајцарија.

Се повикува тужениот Бујар Каба од Тетово, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе му определи застапник кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 198/89.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за сопственост и владение по тужбата на Дервиши Вајдин од с. Боговиње, против тужената Дервиши Игбале и други од с. Боговиње.

Се повикува тужената Дервиши Игбале од с. Боговиње, а сега со непозната адреса на живеење во странство, да се јави во судот, да достави полномошно или да овласти полномошник кој ќе ја застапува во постапката до нејзиното окончување. Во спротивно, по истекот на рокот од 30 дена од објавувањето на огласот судот преку Центарот за социјални работи во Тетово, ќе ѝ постави привремен застапник кој ќе ја застапува во оваа постапка до окончувањето

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1625/88.

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за надомест на штета по тужбата на тужителот РО ШИК „Јелак" од Тетово, против тужениот Ќазими Шукри од с. Теарце.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави точна адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува по овој предмет.

По истекот на овој рок, на тужениот ќе му биде поставен привремен застапник преку Центарот за социјална работа во Тетово, кој ќе го застапува тужениот до правосилното окончување на постапката по овој предмет.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 263/89.

---

Пред овој суд се води вонпроцесна постапка по предлог на предлагачот Рамадани Рамадан од с. Теарце, за докажување на смртта на лицето Рамадани Бајрам од с. Теарце.

Се повикува лицето Рамадани Бајрам од с. Теарце, роден на 10. XI. 1972 година во с. Теарце, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, или секој друг што знае за неговиот живот.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 93/89.

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд покрената е оставинска постапка по оставината на покојната Миланка Стојковска, од татко Смиле Стојчевски и мајка Ѓана Стојчевска, родена на 10. IX. 1918 година, а починала на 25. II. 1983 година во Ѓорче Петров, Скопје.

Се повикуваат сите лица што имаат право на наследство на оставината на покојната Миланка Стојковска од Скопје, да се јават во рок од една година од објавувањето на огласот во судот. Во спротивно, оставината на покојната Миланка Стојковска станува општествена сопственост.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, О. бр. 738/88. (70)

---

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје е заведен спор за утврдување право на сопственост врз недвижен имот по тужбата на тужителот Милан Ристовски од Скопје против тужениот Мустафа Агуш од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

За привремен застапник на тужениот се одредува адвокатот Лазарев Жикица од Скопје, кој ќе го застапува тужениот се додека тој или негов полномошник не се појават пред судот

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, V. П. бр. 885/89. (71)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за утврдување на сопственост по тужбата на тужителот Борче Шетаноски од Скопје, со стан на ул. „Петар Ацев" бр. 12, против тужениот Муарем Абдураманов од с. Љуботен — Скопје. Вредност на спорот 350.000 динари.

Се повикува тужениот Муарем Абдураманов од с. Љуботен, да се јави во рок од 30 дена сметано од денот на објавувањето на огласот во Општинскиот суд Скопје II — Скопје.

Доколку во овој рок не се јави ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред овој суд.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, III. П. бр. 946/88. (67)

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Туркијан Ќамил од Скопје, ул. „Овчеполска" бр. 1, против тужената Ќамил Шермин од Скопје, а сега со непозната адреса.

Се повикува тужената Ќамил Шермин, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во овој суд или во истиот рок, да ја достави својата адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена истата ќе биде застапувана од привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, I. П. бр. 889/89. (68)

---

# КОНКУРСИ

Врз основа на член 43 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 41/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на двајца постојани судии на Основниот суд на здружениот труд во Скопје — Одделение во Титов Велес

Се повикуваат заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 36 од Законот за судовите на здружениот труд пријави да поднесат до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 30 дена од денот на објавувањето.

---

Врз основа на член 27 од Законот за судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ" бр. 6/85), Собранието на општината Гостивар — Комисија за избори и именувања

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на еден судија во Општинскиот суд за прекршоци во Гостивар

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 25 од Законот за судовите за прекршоци, пријавите со потребните документи да ги доставаат до Собранието на општината Гостивар — Комисија за избори и именувања.

Пријавите со потребните документи се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија".

---

СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79, 46/82 и 27/86), собранијата на општините Гази Баба, Кисела Вода и Чаир објавуваат дека ќе извршат

избор на еден судија во Општинскиот суд Скопје II — Скопје

Кандидатите за избор на судија треба да ги исполнуваат следните услови:

— да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— да се дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење;

— да имаат положено правосуден испит; и

— да имаат морално-политички квалитети за вршење на судската функција.

Заинтересираните кандидати, пријавите со потребните документи треба да ги доставаат до Собранието на општината Чаир — Комисија за прашањата на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на ова соопштение.

## СОДРЖИНА

Страна

185. Одлука за разрешување на советник по општествено-политички систем и меѓународни односи на Претседателството на СРМ — — — — — — — — — — 261

186. Одлука за разрешување и именување член на Комисијата за одликувања на Претседателството на СРМ — — — — — — 261

187. Одлука за распоредување на средствата за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката за 1989 година — — — — — — — — — 261

188. Одлука за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — 262

189. Одлука за користење на средства од Републичкиот буџет за 1989 година — — 262

190. Програма за користење на средства за изградба, доградба, адаптација и опремување на правосудните згради и казнено-поправните установи за 1989 година — — 262

191. Решение за разрешување и именување претседател, негов заменик и член на Второстепената дисциплинска комисија при Извршниот совет на Собранието на СРМ 263

192. Решение за назначување помошник на секретарот на Секретаријатот за законодавство — — — — — — — — — — 264

193. Решение за разрешување и именување член на Комисијата за давање согласност за примање на работа на нови работници во републичките органи на управата, републичките организации и правосудните органи — — — — — — — — — 264

194. Решение за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за дисциплинска одговорност на раководните работници во републичките органи на управата и републичките организации што ги назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — 264

195. Решение за назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика — — — — — 264

196. Решение за назначување советник на претседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници — — — — 265

197. Решение за определување замена на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — 265

198. Решение за именување претседател на Комисијата за иселенички прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — 265

199. Решение за разрешување од должност советник на директорот на Дирекцијата за републички стоковни резерви — — — 265

200. Решение за разрешување и именување претседател и членови на Стручниот совет за економски прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — 265

201. Наредба за утврдување на конечниот износ на основиците од кои се определуваат месечните парични износи на корисниците на права според Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди во 1988 година — — — — — — — — 266

202. Упатство за содржината на плановите за заштита од пожари — — — — — — 266

203. Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на определување и одржување на заштитни зони околу изворите на водата за пиење — — — — — — 268

204. Упатство за начинот на остварување на правото за користење на средствата наменети за премија за млеко и поттикнување на развојот на сточарството, рибарството и пчеларството во 1989 година — 268

205. Упатство за образецот на легитимацијата на ловниот инспектор — — — — — 270

206. Упатство за образецот за легитимацијата на ловочуварот — — — — — — — 270

### Општествени договори и самоуправни спогодби

140. Самоуправна спогодба за измена на Самоуправната спогодба за обезбедување на материјалната основа за создавање на услови за вработување на инвалидни лица во периодот 1986—1990 година — — — — 271

### Општи акти на самоуправните интересни заедници

СКОПЈЕ

141. Одлука за валоризација на износот на додатокот на деца во 1989 година (прво усогласување) — — — — — — — 271

142. Одлука за валоризација на посебниот додаток (прво усогласување) — — — — 272

143. Одлука за престанок на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — — — — 272

ДЕБАР

144. Одлука за стапката и тарифата на придонесот за здравствена заштита на работниците и стапката на посебниот придонес за здравствена заштита во странство во 1989 година — — — — — — — 273

ТЕТОВО

145. Одлука за утврдување висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на земјоделците во 1989 година — — 273

146. Одлука за висината на стапката на придонесот за вработување за 1989 година — 273

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**